# „Сеќавањето не е доволно"

*„Скопско и сè е можно!" Оваа препознатлива порака за неизбежното летно освежување важи и за културното и духовното освежување во овие летни дејримирачко тоили денови*



Во скопскиот Културно-информативен центар, во просторот пред Салонот 2, на познатиот Кул парк, беше презентирана интересна инсталација насловена „Сеќавањето не е доволно". Автор е познатиот вајар од Бостон (САД), професорот Барт Учида. Неговата порака преку оваа инсталација всушност е предупредување на еколошкиот аспект на нашето современие. Во прашање е нашата (не) грижа кон природата. Уметникова симболика на оваа тема впечатливо се доживеа со музичките ефекти на џезерот Антонио Китановски.

Инаку, Барт Учида важи за еден од најпознатите американски скулптори кои работат во дрво. Она што е специфично за овој автор е тоа што во некои негови дела прави спој меѓу дрвото и каменот со што неговите скулптури стануваат препознатливи за неговиот уметнички израз. Тој го резбари дрвото, го обработува каменот, следејќи ја неговата природна форма.

Експериментирањето е својствено за овој уметник. Работел на различни места, самостојно или со групи, од што за одбележување е неговото вклучување во позантата изведувачка група на уметници Мобиус, која стана „водечка моќна сила" во Бостонската заедница.

Освен во Америка, тој има создавано и излагано во Јапонија, Канада, Италија, Германија и на други места, а негови дела се наоѓаат во паркот на



современата скулптура Де Кордова во Бостон.

„Неговата уметност го внесува внатре во надворешниот свет, за да покаже како луѓето ја третираат земјата. Неговите дела создаваат "околина" во собата, а не се вообичаена претстава на дела," пишува критиката за неговото творештво.

Проектот „Корен, вода-гнездо, птица" е перформанс во неколку фази. По презентацијата во неколку градови во земјава, меѓу кои и во рамките на Скопското лето , претставувањето ќе продолжи во Бостон (САД), а потоа третата фаза ќе се одвива на повеќе локации во Република Кина-Тајван. Последната фаза, во април или мај 2.000 година, предвидена е за во АРТ-Сити (Хавзи Пашините конаци) крај Скопје каде што проектот ќе биде промовиран со каталог, видео проекција, фотографии и објект инсталација како завршна фаза.

Автор на проектот е историчарот на уметноста Љупчо Маленков, а во неговата реализација се вклучени личности од повеќе области на уметноста како Симонида Филиповска-Китановска, Валбона Атанасковска, Ибрахим Беди, Зоран Атанасковски, Тони Китановски, филмското студио „Едвуд", а како надворешен соработник од Бостон се јавува Барт Учида.

Проектот „Корен, вода-гнездо, птица" всушност претставува поглед на група млади автори-творци од разни жанрови на уметноста, од различни средини (културни, национални . . .) за моќта на човекот да создава, за промислувањето на сопствената судбина, за опстојот на човештвото, за силното чувство за слобода. Овој перформанс е творечка драма на крајот на вториот милениум. Едно внатрешно чувствување за она што потекнува од утробата на земјата, од корените, од водата од што се напојува, од вечната загатка за постоењето. Како што вели авторот Љупчо Маленков, порака и желба е да не се гази по материјалните и духовните добра на човештвото за да не се остане едно големо ништо. Ова е обид да се претстави раслоена претставата за „класичната слика" и времето во кое живееме. Веруваме дека создаваме уште една нова естетика, естетика со поголеми значења, без да се грижиме дали ќе биде разбрана за обичниот гледач, бидејќи конечно треба да бидеме свесни за творечката немоќ, најкарактеристична за уметностите на 20-иот век". „Средбата со ова дело", вели Маленков, „открива понови метафори и симболи".

**Г.Томовски**